# АРГАН 369
# ПЛАН ЗА УСПЕХ



ИЗДАНИЕ
МАРТ 2023

Argan369

# ДОБРЕДОЈДОВТЕ!

Ви посакуваме топло добредојде од Компанијата и од сите Членови и пријатели на Арган369!
Се радуваме што имаме можност да Ве запознаеме со нашите високо-квалитетни производи за професионална нега на коса, како и со извонредната можност за заработка што ја нуди Арган369.
Ќе бидеме среќни доколку одлучите да ни се придружите и заедно да уживаме во прекрасните уникатни производи за нега на коса, да го градиме пријателството, да се радуваме на животот и притоа и да заработуваме.

Argan369

# ЗА НАС

Вљубеници во природата и во убавината на животот.
Започнавме како магазин за животен стил и стилско обликување и нега на коса Styling Magazine.
Љубовта кон овој магазин ни создаде многу пријателства со личности од врвот на светските модни движења на полето на негата и стајлингот на коса.
Неизбежно се појави желбата и на нашите простори да донесеме виоко-квалитетни производи за нега на коса и да ги направиме достапни и на професионалците и на секој кој сака да и посвети внимание и вистинска нега на своЈата коса.
По неколку годишна дистрибуција во салоните за разубавување, а подоцна и преку он- лајн продажба, се роди идеата продажбата на производите да ја поврземе со уште една наша љубов, а тоа е мрежниот маркетинг.
Живеејќи неколку години со мрежниот маркетинг запознавме прекрасни луѓе и откривме нови можности за заработка и дружење.
Познавајќи ја распространетоста на социјалните мрежи и моќта и на “партнерскиот маркетинг” (анг.: affiliate Marketing), се одлучивме да го понудиме и тој начин на заработка па така направивме спој од овие два вида на маркетинг во едно.

Овој нов Дигитален Директен Маркетинг (ДДМ) е наречен Арган369!



STYLING magazine



argan oil




# Од Арган Оил ...

Нашата цел е да дистрибуираме високо-квалитетни производи на база на познатото Аргановo масло и да заработуваме, и тоа не само ние,
туку и нашите пријатели и секој оној кој наоѓа дел од себе во оваа приказна.

Бенефитите на Аргановото масло за негување на коса се потврдени и познати. Аргановото масло се користи и во многу други козметички производи и со тоа го подобрува нивните својства и квалитет.

Сите наши производи содржат Арганово масло!

# ... до Арган369

Овој систем на купувачот му обезбедува брза, лесна и загарантирана достава на производите, а при тоа и да остварува попусти и бенефити кои се предвидени со системот Арган369.

За членовите на Арган369 овозможува и дополнителна заработка. градење на сопствен бизнис и можност за други парични награди, стокови награди и други бенефити.

Почнуваме од Македонија, продолжуваме на Балканот и одиме кон Светот! Заедно со Вас!

Затоа што е полесно и поубаво кога патуваме заедно!

Argan369




# ЗА ПРОИЗВОДИТЕ

Аргановото масло е приказната на 21-виот век. Арган е дрво кое расте во Мароко и дел од Алжир. Маслото се прави од јадрото на плодот и поради неговите извонредни особини се користело и како луксузен додаток во јадењата. Некаде од почетокот на овој век, за првпат аргановото масло почна да се користи за нега на коса, а во поново време и во креми и други козметички производи. Бенефитите од аргановото масло се многубројни и затоа овие производи се брзо прифатени од корисниците.

---

**Шампон за редовна нега на косата со арганово масло**
*Нова формула за нега на косата*
pH вредноста на овој шампон е 5.0-5.5, што придонесува за природна нега и одржување на природниот баланс на косата.

---

**Шампон против опаѓање на косата со арганово масло**
Специјалната формула од активни состојки на шампонот, придонесува за темелно чистење на скалпот и косата, го стопира нејзиното опаѓање и го зајакнува влакното спречувајќи го нејзиното понатамошно опаѓање.

---

**Маска за длабинска регенерација на коса со арганово масло**
Кремастата формула на маската длабински го регенерира, зајакнува и штити влакното на сите типови коса, а особено на оштетената.

---

**Арганово масло за нега на коса (пакувања од 30 и 150 мл)**
Фантастичното арганово масло со безброј бенефити за вашата коса. За сите типови на коса со заштитен фактор УВ 8

---

# ПЛАН ЗА УСПЕХ НА АРГАН 369




Целта на оваа брошура е да ги претстави погодностите што ги нуди Арган369, како и да ги запознае членовите со правилата за работа и начините како да бидат успешни во градењето на бизнис со Арган369.

Системот Арган369, ДДМ (Дигитален Директен Маркетинг) е креиран со елементи од директна продажба и партнерски маркетинг и ги користи погодностите што ги пружаат модерните средства за комуникација и социјалните мрежи за препорака и друг вид маркетинг.

## ДА ЗАПОЧНЕМЕ ...

Секој купувач може да стане и член на интернациналната мрежа Арган369. Кога купувачот ќе стане член на Арган369, како прв бенефит добива 10% попус на сите производи кои се наоѓаат во онлајн продавницата. Вториот бенефит е истите производи да ги добива без плаќање за испорака од курирска служба.

За секој Член при регистрирањето се генерираат ДВА ВИДА ЛИНКОВИ (врски до интернет страници) со неговиот членски код. Со едноставно споделувањето на овие линкови на социјалните мрежи или апликации за комуникација, имејл или СМС, производите се достапни на купувачот со еден клик на линкот, а со тоа се креира нова можност за заработка за членот кој ја направил препораката.

Со користење на апликацијата на Арган369 која е достапна на секој Член, линковите се достапни и во облик на QR кодови за уште полесно споделување по пат на скенирање.

**Првиот вид** е ЛИНК за препорака на производите за нега на коса кои се наоѓат во онлајн продавницата. Секој купувач кој преку овој ЛИНК ќе порача производи, добива 10% попуст на истите како и бесплатна испорака на производите со курирска служба. Секоја порачка која ќе се реализира од овој личен ЛИНК му носи на Членот на Арган369 10 % од вкупниот Обем на Бизнис (износ на нарачката без ДДВ).

Дополнителен бенефит е што обемот на бизнис од сите порачки направени преку споделување на ваков ЛИНК, влегуваат во Обемот на бизнис на Членот, од кој што тој понатаму остварува дополнителна заработка. Групниот, како и личниот Обем на бизнис учествува во рангирањето на член по скалата на успех во остварувањето на предвидените нивоа и титули, што подетално е објаснето подолу во документов.
Секоја лична нарачка која ќе ја направи членот од свој Членски код е Личен Обем на бизнис и тој учесвува во калкурирање на вкупен ОБ на Членот.

**Вториот вид** е ЛИНК со Препорака за зачленување на нов член во мрежата на постоечкиот Член.

На овој начин се гради личната група од која Членот има индиректен бенефит и креира можност за неограничена заработка.



# Регистрација и остварување на статус Член на Арган369

**Секое физичко и правно лице може да стане член на мрежата на Арган369.**

Физичките лица треба да се полнолетни (да имаат наполнето 18 год.), за да можат да станат ченови на Арган369. Физичкото лице и правното лице, можат да станат Членови исклучиво по пат на Линк (интернет врска) за зачленување, кој можат да го добијат од веќе постоечките членови.

Со користење на линкот за зачленување кој го води директно на страницата на Арган369, потенцијалниот член треба да изврши стандардна регистрација со внесување вообичаени податоци за креирање на членството.
За да се почне со регистрација, потенцијалниот Член мора да има валидна имејл адреса. Имејл адресата е главна идентификација за членот и со неа се поврзуваат сите бизнис активности во мрежата на Арган369.

Регистрацијата на новиот член подразбира пополнување на сите податоци кои се наведени во формата за регистрација и потврдување на изјавите за согласност со Прописите и Правилата за работа на мрежата Арган369.
Автоматски со прифаќањето на сите точки, потенцијалниот член станува официјален Член на Мрежата Арган369. Со добивање статус Член на Мрежата Арган369, физичкото или правно лице, добива свој, единствен Членски Број со кој се идентификува во Мрежата.
По прифаќање на споменатите услови за членување во Мрежата на Арган369, потребно е новиот член да го потврди и порачувањето на Почетниот сет на производи.

# ЗАРАБОТЕТЕ!

**Во системот АРГАН369 постојат два начина на заработувачка:**

1. Заработувачка од ЛИНК ЗА ПРЕПОРАКА
2. Заработувачка од градење лична група со ЛИНК ЗА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ

Освен овие два начина, постојат и други парични и други награди кои Компанијата ги доделува за постигнати поголеми успеси со стекнување менаџерски Титули опишани подолу во Планот за Успех.
Сите овие дополнителни награди Компанијата ги истакнува на официјалната интернет страна и во официјалните документи.



## Како да користите Линкови за Препорака?

За секој регистриран член во мрежата на Арган369 се генерираат Линкови и QR кодови за препорака на производите и за зачленување. Овие линкови водат до одредените производи на онлајн продавницата од каде истите можат да се нарачат или до страницата за зачленување.
Секој член има Линкови и QR кодови кои се поврзани со различните производи од онлајн продавницата. Овие кодови се единствени за секој производ и за секој Член посебно. Преку овие линкови се регистрираат сите продажби кои се реализирани од активноста на членовите во дигиталната интернет мрежа и соодветно се ажурираат кај членот чиј линк се користи.

Овие линкови наједноставно е да се пласираат на социјалните мрежи или да се испратат преку апликациите за комуникација до потенцијалните купувачи. Со објавување или испраќање на Линк за препорака, членот дава можност на секој купувач да искористи попуст од 10% на сите производи од онлајн продавницата и да добие бесплатна испорака на порачаните производи.
Од друга страна, преку купување на производите со препорака, се зголемува и Обемот на бизнис на членот чиј линк се користи, така да бенефит имаат и купувачот и членот преку чиј линк е извршена продажбата.



# ЗАРАБОТЕТЕ УШТЕ ПОВЕЌЕ!

## Заработка од градење лична група со Линк за Зачленување

Со препорака за зачленување на нови членови со линк или QR код, Вие почнувате да градите своја лична мрежа од членови на кои им се пружа иста можност за заработка како и на Вас, можност за користење бенефити и можност за започнување на сопствен бизнис. Зависно од активноста на вашите членови, системот Арган369 Ви омозвожува да постигнувате нивоа и титули предвидени со Скалата на Успех и Планот за Успех и секако да заработите уште повеќе.



**Пример за мрежа**
Мрежата може да се "гради" и хоризонтално и вертикално без ограничување.

# *СКАЛА НА УСПЕХ*

| НИВО | ОБЕМ НА БИЗНИС | |
|---|---|---|
| | ОД | ДО |
| 3% | 3000 | 59999 |
| 6% | 60000 | 259999 |
| 9% | 360000 | - |

Скалата на Успех има три нивоа: 3% 6% и 9% кои се постигнуваат зависно од вкупниот Обем на Бизнис.

Вашата заработка се зголемува во зависност од нивото на постигнати резултати од Препораки, зачленување нови членови и нивната активност.

Со достигнување на највисокото ниво од 9% се отворааат можности за стекнување на една од титулите Менаџер, доколку се исполнат условите од Планот за Успех (одржување на нивото во одреден број месеци, градење на мрежа со други 9%-ни групи и тн.).



# ПРИКАЗ НА СИТЕ ЗАРАБОТКИ СО АРГАН369




*) 3% ОД СЕКОЈА одвоена 9%-на ГРУПА.
Членот/Спознор заработува од групите под него кои постигнале 9% и се одвоиле од неговата Лична Група. Спонзорот добива 3% од одвоените групи доколку е и тој на 9% без одвоените групи.
Спонзорот добива дел од овие 3% доколку го поминал прагот за ОБ на Лична Група од 144000 денари.
Под овој праг на Спонзорот не му следува дел од остварениот бизнис на одвоените групи.




Од 144000 до 360000 износот на делот од 3% се зголемува линеарно, значи за 144000 нула, за 360000 цел износ (3%), за 252000 половина износ (1.5%).

Дополнителни парични и други награди добиваат Членовите кои ќе се стекнат со менаџерски Титули, според условите наведени во Планот за Успех.

# ИСПЛАТА НА ЗАРАБОТКАТА




Пресметка за исплата се прави на 10-тиот работен ден во следниот месец. Овој период е потребен за да се ажурираат сите плаќања и рекламации од нарачките.
Заработка се пресметува и исплаќа на реализирани порачки. Порачките што не се платени или се вратени, не се земаат во обзир затоа што нема реален промет.
Доколку се направи сторно во следниот период, во него ќе се смета негативниот ОБ.
За да се исплати пресметаната заработка и/или бонуси, членот мора да има направено лична порачка од минимум 1 производ од Арган369, за тој пресметковен период.
Ова е единствениот услов што членот треба да го исполни.
Износи помали од 3.000 денари нема да се исплаќаат туку ќе се акумулираат до моментот кога ќе го надминат овој праг и тогаш ќе бидат исплатени.

Заработката се уплаќа на личната банкарска сметка што ја навел Членот во своите податоци.
Неможе да се врши исплата на туѓа банкарска сметка.
Се уплаќа нето заработката после одбиениот Персонален Данок на Доход.

Според постоечките закони нето е 90% од бруто износот, а данокот на добивка во висина од 10% (согласно Законот за персонален доход, член 12), Компанијата го уплаќа во УЈП во име на Членот.
Членот на Арган369, на почеток на годината добива известување од Компанијата за Данокот на Доход кој Команијата го уплатила во негово име за изминатата година.



# ТИТУЛИ

Со достигнување на највисокото ниво од 9% се отворааат можности за стекнување на една од титулите Менаџер, доколку се исполнат условите од Планот на Успех (одржување на нивото во одреден број месеци, градење на мрежа со други 9%-ни групи и тн.).



## ПРАВИЛА ЗА СТЕКНУВАЊЕ ТИТУЛА

**Менаџер**
Постигнува ниво 9% и го одржува во 3 месеци од 12.

**Менаџер со три групи**
Спонзорира 3 групи на 9% во прво ниво, во 3 месеци од 12, и одржува Обем на лична група од минимум 144000.

**Менаџер со шест групи**
Спонзорира 6 групи на 9% во прво ниво, во 6 месеци од 12, и одржува Обем на лична група од минимум 144000.

**Менаџер со девет групи**
Спонзорира 9 групи на 9% во прво ниво, во 9 месеци од 12, и одржува Обем на лична група од минимум 144000.

## ПРОСЕЧНА ЗАРАБОТКА СПОРЕД ТИТУЛАТА

**Менаџер**
Просечна заработувачка до 800 евра и кеш награда 500 евра.

**Менаџер со Три Групи**
Просечна заработувачка од 1200 евра и кеш награда 3000 евра

**Менаџер со Шест Групи**
Просечна заработувачка од 2500 евра и кеш награда од 6000 евра.

**Менаџер со Девет Групи**
Просечна заработувачка од 4000 евра и кеш награда 9000 евра.



# ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ЗАРАБОТКА

**Пример 1:**
**Мрежа со 5 члена во прво ниво**




Сите членови имаат направено Обем на Бизнос по: 3000 од лична порачка и 9000 од препораки.

Секој во прво ниво има вкупен ОБ 12000, постигнаато ниво 3% и го има задоволено условот за исплата од минимум ОБ од лична порачка од 1500 ден.

Заработката за секој од нив е следна:
3000 * 3% + 9000*3% + 9000*10%
=90 + 270 + 900
=1260 денари.

Спонзорот има вкупен ОБ 72000, постигнал ниво од 6% и го има задоволено условот за исплата од минимум ОБ од лична порачка од 1500 ден.

Неговата заработка е следна:
3000 * 6% + 9000*6% + 9000*10% + (12000*5)*(6%-3%)
=180 + 540 + 900 + 1800
=3420 денари.

Argan369

# ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ЗАРАБОТКА

**Пример 2:**
**Мрежа со 5 члена во прво ниво и секој од нив по 5 члена во негово прво ниво**




Сите членови имаат направено Обем на Бизнос по: 3000 од лична порачка и 9000 од препораки.

Секој во второ ниво има вкупен ОБ 12000, постигнаато ниво 3% и го има задоволено условот за исплата од минимум ОБ од лична порачка од 1500 ден.
Заработката за секој од нив е следна:
3000*3% + 9000*3% + 9000*10%
=90 + 270 + 900
=1260 денари.

Спонзорите од прво ниво имаат вкупен ОБ 72000, постигнал ниво од 6% и го имаат задоволено условот за исплата од минимум ОБ од лична порачка од 1500 ден. Нивната заработка е следна:
3000*6% + 9000*6% + 9000*10% + (12000*5)*(6%-3%)
=180 + 540 + 900 + 1800
=3420 денари.

Прв иот Спонзор имаат вкупен ОБ 372000, постигнал ниво од 9% и го имаат задоволено условот за исплата од минимум ОБ од лична порачка од 1500 ден.
Нивната заработка е следна:
3000*9% + 9000*9% + 9000*10% + (72000*5)*(9%-6%)
=270 + 810 + 900 + 10800
=12780 денари.

# ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ЗАРАБОТКА

**Пример 3:**
**Менаџер со три одвоени 9%-ни групи и две 6%-ни групи во прво ниво. Има ОБ лични порачки 3000, од Препораки 129000, Вкупно 132000. 6%-ните во прво ниво исто така имааат 60000 ОБ.**




Секоја 9%-на група има заработка од минимум 10890 ден., максимум 68250 ден. Секоја 6%-на група има заработка од минимум 3600 ден., максимално 9450 ден.

Заработка на првиот Спонзор:
= 3000*9% + 129000*9% + 129000*10% + (2*60000)*(9%-6%) + (3*360000)*1,5%
=270 + 11610 + 12900 + 3600 + 16200
=44580 денари.

Доколку Спонзорот ги одржува овие 3 групи во тек на 3 месеци од 12, дополнително добива и еднократна награда од 3000 евра.

Argan369